Весна Петреска
vesnapetreska@hotmail.com

# Клетвата во македонската традиционална култура

ABSTRACT. Petreska Vesna, *Kletvata vo makedonskata tradicionalna kultura* (Curse in Macedonian Traditional Culture), „Poznańskie Studia Slawistyczne" 3. Poznań 2012. Adam Mickiewicz University Press, pp. 129–143. ISBN 978-83-232-2473-0. ISSN 2084-3011.

Curses are spoken formulas that express a desire to happen something bad in the future to someone or something, with the assurance that it will capture. This conviction or belief is based on faith in the magical power of the word. In the folk life curses are being made when the most important values in the community are injured. Therefore, curses are discussed in relation to the values that are maintained in a given community, and their violation determines sin, and depending on the committed sin and weights required curses or punishments. Looking from this social perspective, they represent a measure of values in the society that occurres as an indication of distortion of values, whether those who suggest deteriorated values occupy a high or low social status in the community or family. The curse is correcting the distortion, i.e. some satisfying justice, out exclusively on force majeure, and indefinitely. In this regard it emphasizes that the most important values in traditional Macedonian culture were life itself, created progeny, and their family, property and honor. Most evidence of the belief in the power of the curse by folk stories is the event of an accident either cursed person or his family. Therefore, curses also point another very important value, which is highly appreciated – the natural course of human life, birth-marriage-death, that value in ritual practices tend to emphasize or re-establish if it is disturbed, and curses she tries to unravel.

**Keywords:** curse, sin, values, Macedonian folk culture, punishment

Од многубројните кратки жанри кај коишто широко е распространето верувањето во магичната моќ на зборот, интересот ќе го насочиме кон клетвите. Клетвата е говорна формула со која се изразува желба, во иднина некому или на нешто да му се случи лошо, со верување дека тоа и ќе го фати. Тоа верување или таа верба е заснована

на вербата во магиската моќ на зборот[1]. Д. Ајдачиќ ја формулира клетвата на следниот начин: „Клетвата како самостоен исказ или исказ во состав на други жанрови се искажува со вера во магиската моќ на зборовите дека Бог, демоните, судбината или природните сили ќе го покренат нанесувањето на зло", што значи дека во клетвата секогаш се претпоставува посредување на некоја виша сила, а понекогаш таа и експлицитно се повикува со формулата „да даде Бог"[2]. Вишата сила, како оружје за исполнување на клетвите користи разни средства, се манифестира во разни видови, па и во облик на природни сили[3]. Досегашните проучувања главно ја проучувале клетвата во народната поезија, и тоа во лирските, лирско-епските и баладните песни, клетвите во врска со другите кратки жанри и во прозното творештво, како стереотипни искази и нивните кодирани формули[4]. Помалубројни се истражувањата кои клетвата ја разгледуваат во состав на народниот живот и нивниот обреден карактер[5].

---

[1] *Пословици и гатанки*, ред. К. Пенушлиски, Скопје 1969, стр. 13; М. Китевски, *На клетва лек нема (Клетвите во македонското народно творештво)*, Скопје 1991, стр. 14.

[2] Д. Ајдачиќ, *О клетви у усменој књижевности*, „Књижевна историја" бр. 24, 1992, стр. 1–8, <www.rastko.org.yu/knjizevnost/nauka_knjiz/dajdacic-kletva/_c.htlm> [преземено: 25.07.2012].

[3] Л. Ђаповић, *Смрт и онострaност у клетвама*, књ. 66, Београд 2009, стр. 6.

[4] *Пословици и гатанки*; К. Пенушлиски, *Македонски народни балади*, Скопје 1983; idem, *Малешевски фолклор*, Скопје 1980; idem, *Болен Дојчин*, Скопје 1986; idem, *Балада за ослепениот Марко Крале*, „Современост" бр. 7, 1979, стр. 15–29; *Марко Крале легенда и стварност*, прир. К. Пенушлиски, Скопје 1983; *Обредни и митолошки песни*, ред. К. Пенушлиски, Скопје 1968; Ф. Попова, *Функцијата на клетвата во градбата на баладните сижети*, „Спектар" бр. 9, 1987, стр. 181–188; М. Китевски, op. cit.; Д. Ајдачић, op. cit.; А. Георгиева, *Социална функция на клетвата в народната песен*, „Български фолклор" год. VIII, кн. 1, 1982, стр. 98–105. Кирил Пенушлиски истакнува дека клетвата е сакана тема за трагично обликување на бројни лирски и лирско епски песни, што соодветствува на нејзината раширена употреба во секојдневието. Мотивите поради кои се искажува клетвата во песните најчесто е родителската клетва, кога родителите ги колнат синовите или ќерките поради непослушност, жените ги колнат своите мажи од разни причини, девојките и момчињата се колнат меѓусебно за љубовни прелажувања и несреќна љубов, тие ги колнат и своите родители или браќа, ако им попречуваат во љубовта.

[5] Како такви можат да се посочат трудовите: Ј. Цветановска, *Гревот и казната. Во народната култура на Македонците*, Скопје 2012; П. Христов, *Родителска клетва-регулатор на социална справедливост*, „Българска етнография" год. III, кн. 5–6,

Предмет на интерес во прилогов се клетвите во македонската народна култура и нивниот обреден карактер. Најчестите случаи во кои што се колне се од лутина, навреда, понижување, но и од желба за освета поради нанесена неправда. Затоа изговарањето на клетвата е поврзано со триаголникот: испраќач на клетва – виша сила – примател на клетва[6]. Испраќачот на клетвата е предизвикан од примателот на клетвата, кој му предизвикал некоја неправда на испраќачот и овој ја повикува вишата сила да го казни примателот. Неправдата мораме да ја поимаме како грев. Поимот на гревот доминира во сите религиски системи и воедно се развива од религијата. Основна дефиниција на гревот во сите религии и периоди е дека тој претставува несоодветен однос спрема божествата и божјите закони, односно нивното непочитување, или едноставно кажано гревот е она што боговите не го оправдуваат. На највисоко ниво на развојот на религиските системи се наоѓа поимот на етички грев, кој заснован е на конкретниот систем на вредности. Репертоарите на ваквите прекршоци познати во многу култури, се своевидно огледало на општествениот менталитет. Меѓу нив преовладуваат кражба, убиство, кривоклетство, непочитување на родителите, одмаздољубивост, злоставување на послабите, прељуба, недозволени и неприродни полни односи[7]. Оттука според народната претстава за гревот, тој може да се дефинира како секое дело или работа кои повредуваат некоја личност (во нашиов случај испраќачот на клетвата) или пак оние дела и работи што не се во согласност со моралните норми и очекуваните вредносни модели на однесување во заедницата. Народната концепција за гревот може да се рече дека е сложено преплетување на религиозни (христијански), митолошки (пагански) претстави, елементи на усната и книжевната култура, постулати на народното право и на традицискиот систем на

---

1992, Л. Ћаповић, op. cit. Во овој труд авторката не го проучува обредниот карактер на клетвите, но ги разгледува клетвите каде што е присутна смртта и јазикот во врска со смртта и животот после смртта.

[6] В. Баришић-Јовковић, *Речи које убијају. Антологија клетви*, Нови Сад 2007, стр. 20.

[7] Ј. Цветановска, op. cit., стр. 32–33. Cf. M. Ricl, *Svest o grehu u maloaziskim kultovima rimskog doba*, Beograd 1995, стр. 11–12.

вредности. Основните параметри и координати на таа концепција не постојат во чист вид, туку само можат да бидат реконструирани од множество посредни факти: од паганските сведителства (лексика, фразеологија, паремиологија); од обичаите, обредите, забраните и прописите (и особено од нивната мотивација); од расказите, легендите, песните, раскажувањата за последиците на гревовите, за судењето на грешниците и праведните по смртта, за искупувањето на гревовите, како и од други разнообразни фолклорни текстови, кои во себе содржат мотиви за гревот и грешниците. Од тие извори, сите создаваат свое разбирање за гревот, потцртуваат едни или други негови страни и својства и само обединети во својата целост можат да дадат целосна претстава за неговата „наивна” верзија[8].

Во врска со вредностите кои биле значајни во македонската традиционална култура можеме ги класифицираме и гревовите, а во врска со нив и клетвите. Во рамките на традиционалната семејната заедница од патријархален тип на уредување на односите меѓу членовите, основните принципи биле старосните и половите. Тоа значи дека помалите биле должни да ги почитуваат постарите и да ги слушаат и дека женскиот пол бил подреден на машкиот. Значајни вредности на секое семејство се создавањето потомство, одгледувањето на потомството и создавањето позитивни личности од нив и задомување на потомството. Овие вредности биле доминантни и на ниво на селска заедница. Во селската заедница животот на луѓето, нивниот имот, чесноста биле високо вреднувани, па во таа смисла и посегнувањето по овие вредности биле причина гревот да се поима како голем, и да се активира клетвата. Затоа се колне за убиство, предавство, палење на куќа или имот, измама, штета, кражба, девојка-копилњарка, чедоморство.

Во овој контекст непочитувањето на родителите и карањето со нив, непочитување на нивните желби, особено од женските деца се сметал за голем грев, а во врска со тоа и тежината за родителската клетва се сметала за голема. Високо се вреднувала и кумовата клетва, што во согласност е со значењето и местото што го имал кумот во

---

[8] Ј. Цветановска, op. cit., стр. 37–38. Cf. С. Толстая, *Концептът за греха в славянската народна традиция*, „Български фолклор” год. XXVI, кн. 3, 2000, стр. 16.

народната култура. Кумот се сметал за духовен родител на младата брачна двојка, тој бил носител на патријархалниот принцип, бидејќи се наследувал по машка линија, се наследувал со генерации, склучување на брачни врски со кумот и со кумово семејство биле забранети до 7 – 9 колено. Дури во искажувањата се вели дека оваа забрана била многу поголема отколку со крвното сродство[9]. Ова негово високо вреднување се должело и на неговата улога на посредник меѓу светот на живите и вишата сила (Бог или светот на мртвите), од кои се очекувала помош во сите кризни ситуации. Потврда за ова даваат и изреките дека тој е „божја помош”, или „Бог на небото – кум на земјата”, со дополнително објаснување дека кумот на земјата е она што Господ бог на е небото[10]. Затоа и неговото непочитување, карањето со него, промена на кумот без негова согласност, кршење на брачните правила претставувало мотив за активирање на неговата клетва. Во двата типа на клетви, родителската и кумовата, таа добива на сила затоа што ја изрекуваат лица со висок општествен и семеен статус. Горенаведените причини за активирање на клетвите ќе ги потврдиме со теренски материјали. Девојка што не ја почитувала волјата на родителите за избор на брачен партнер, отишла бегалка и нејзиниот татко ја проколнал: „сега свадба правили, догодина умрешка правили”. Покрај магијата на зборот, клетвата добива на сила и со обредните постапки. Во овој контекст можеме да ги споменеме колнењата со триење на колената, вадење на шамијата или капата, постапки на засилување на клетвата позајмени од христијанска провиненција – крстење, држење на кандило, палење на свеќа. Таткото што ја колнел својата ќерка бегалка при колнењето ги триел колената, што може да се толкува со поврзувањето на коленото со род или сој, или негово одвојување, и граничната позиција на коленото, како спој на горна и долна половина на нозете[11], кои како побилску до земјата се врзуваат со двостраното значење, или се врзуваат за значењето на пло-

---

[9] Cf. В. Петреска, *Систем на сродство кај Македонците*, кн. 59, Скопје 2005.

[10] Ibidem, стр. 103–104; Г. Паликрушева, *Кумството и побратимството на Свети Јован*, „Македонски фолклор” год. VIII, бр. 15–16, 1975, стр. 65.

[11] В. Петреска, *Свадбата како обред на премин кај Македонците од брсјачката етнографска целина*, кн. 43, Скопје 2002, стр. 471; eadem, *Деловите на човечкото тело како обредни граници*, реферат прочитан на II Меѓународна конференција „Балканскиот фолклор како интеркултурен код”, одржан во Познањ, Полска, март 2012 година, во печат.

дност што го има земјата, или за местото на другиот свет. Етимолошките индоевропски проучувања го доведуваат зборот „колено” во врска со неговата родовска (поколениска) идеја[12], но постојат и мислења кои сметаат дека коленото, зглобот, може да се разгледуваат како места од кои нешто се рачва, се разгранува, се менува насоката, и во овој случај „поколението” треба да се разбере како „одвојок, огранок” од заедничкиот „корен, стебло”[13]. Како одвојување од родот, од семејството, со граничната позиција на коленото, како спој на горна и долна половина на нозете може да се протолкуваат и колнењата кои се вршеле во крајно екстремни ситуации, кога оној што колнел веројатно верувал дека е многу неправедно осуден. Граничната позиција на коленото, кое го разделува просторот на своето – човечкото тело, семејството, родот и просторот на туѓото – одделувањето од родот, допирот со другиот свет, допирот со демонското, итн., е засилена кога овој тип колнења се врши со клечење на колении на земја и нивно триење, или пак триење на голи лактови по земја, што и во едниот и во другиот случај може да се толкува дека тие делови заземаат гранична, истурена позиција, и преку триењето на земјата полесно вршат комуникација со „другиот свет”. Ефикасноста на колнењето, покрај со триењето на колено, е засилено и со колнењето од страна на таткото, бидејќи во традициската култура се смета дека клетвата од родителите е тешка, а особено од таткото, бидејќи тој кога ќе проколне не се кае, за разлика од мајката која се кае[14]. Отстранувањето на делови од облеката како што се капа или шамија, слично како и во посмртниот обред кога мажите ги вадат капите, а жените

---

[12] В.Н. Топоров, *Из индоеврпейской этимологии (V)*, в: *Этимология 1991–1993*, Москва 1994, стр. 141–142, 153, заб. 41. Врската на коренот *g’en-, со коленото, со неговата родовска (поколениска) идеја ја утврдува и О.Н. Трубачев, кој ја предлага шемата „раѓање”>„растење”>„појава”>„колено”. Бидејќи коленото е спој на горната и долната половина на нозете, оваа соединувачка врска метафорички се изразува како врска на поколенијата во родовскиот ланец на раѓањето и смртта. Н.О. Трубачев, *История славянских терминов родства и некоторых древнейших терминов общественного строя*, Москва 1959, стр. 160.

[13] Cf. М. Бјелетић, *Кост кости (делови тела као ознаке сродства)*, „Кодови словенских култура”, *Делови тела*, бр. 4, 1999, стр. 60.

[14] АИФ, м.л. бр. 3891, инф. А.К., р, 1917 во с. Будинарци – Малешево. Снимила: В. Петреска во с. Будинарци во 2001 година.

шамиите, може да се толкува како неутрализација на опозицијата природа-култура, со што оние што проколнуваат се поставуваат „поблиску до природата”, која е непресушен извор на „onoстрани моќи”[15]. Во оваа смисла се и верувањата дека клетвата од жена не е толку опасна, зашто таа носи прстен и обетки, за разлика од мажот кој ништо железно не носи и затоа клетвата од него се фаќа. Ј. Цветановска има регистрирано примери на колнење позајмени од христијанска провиненција, какви што се на пример, симнување на шамија и крстење или држење на кандило, палење свеќа во црква, со што клетвата се здобива со атрибутот „божја”, иако таа во својата основа има магиски карактер. Во Кривопаланечко се палат три свеќи и се држат свртени наопаку додека не изгорат, а за тоа време се проколнува грешникот. Слично било и во Малешевијата, со таа разлика што наопаку се држела една запалена свеќа и се вели или мисли типично магиска формула „Како се топи свеќата, он така да се топи”. Во Мариово, свеќата се палела на местото определено за умрените: „Еве ваа свеќа, не е за здравје, за умрени му ја пала нему, на тој душманот, тој шо направи”. Постоеле и варијанти кога свеќата се палела на сосем вообичаен начин, пред иконата на некој од светците, на пр. во Малешевјата светецот од кого се очекувала помош во возвраќањето на злото е Св. Мино, пред чија икона најчесто се палело свеќа. Во ваквите случаи станува збор за невербална клетва, која во овој случај целосно е затскриена во христијанска форма. Воопшто, присуството на христијанските елементи го засилуваат легитимитетот на клетвата и ја продлабочуваат увереноста на оние кои проколнуваат во правичноста на нивната постапка. Во народниот светоглед, казната со која ќе се соочат виновниците, како резултат на проколнувањето во црква, несомнено има третман на божја казна, иако тоа не е во согласност со официјалното христијанско учење. Ова учење има нагласено негативен став кон народната клетва и не признава човечка интервенција во божјата правосудна дејност. Казнувањето или простувањето на гревот е во исклучива надлежност на Бога. Последниот суд се случува на оној свет, а клетвата бара овоземно зло за виновникот и/или неговите најблиски[16].

---

[15] Ј. Цветановска, op. cit., стр. 204.

[16] Ibidem, стр. 208–209.

Теренските материјали даваат уверливи податоци за верувањето во силата на кумовата клетва. Така во едно искажување, свекрвата му ја претставила кумашинката на стариот кум на собор на празникот Света Петка во Радовиш: „Куме пружи руку, да ти цуне кумица руку. Да прави здраво-живо. И он, од дека да знам, не сам венчал, не знам дека има кумица. А они деца, смениja, другот кума фатиjа, па ево да га претставу кумашинку да га видиш. И он тамо њума проколнал: Ej кумице, кој је венчал, да не крсти", и викаја не крстија, нема деца[17]. Уште еден пример во кој невестата му правела многу поголема чест на стариот кум отколку на новиот, но, бидејќи промената на кумот не е извршена со негова согласност, тој ја проколнал: „Што и да ми даеш на мене кумице, јас тебе те к'лну. Девет деца да имаш, едно да ти остане и тој лијаво (со некој телесен или психички недостаток, м. заб.) да је. И тако је. Немој да си играте, со кума да си имате подигравка. И клетва го фатила. Од девет деца, само овај мој муж је останал и тој лијав"[18]. За верувањето во силата на кумовата клетва се и поговрките од типот: „Кум да те стапне кад те куне, али кум да те не куне"; „Кум си е кум, и пред кум вода не гази"; „Кум шо рекол пред кум това нема насад"; „Шо плувнеш не се лижнува"; „Шо ојде низ вода, не се вршта во вода"[19]. За почитувањето на кумот, зборува и македонското верување дека кога Исус Христос бил крштеван од страна на Свети Јован, тој клечел пред него. На прашањето на Св. Јован зошто го прави тоа, кога и онака е Бог, Христос му одговорил „Ти си поголем од мене"[20]. Карањето со кумот и целото негово семејство, или, пак, неговото лажење, исто така не било дозволено, во кој случај повторно на сцена стапувала кумовата клетва. Се сметало дека кумовата клетва била пострашна отколку татковата. Недозволени врски со кумот или неговото семејство не биле дозволени. Регистрирани се неколку случаи на прекршување на брачните правила

[17] АИФ м.л. бр. 3866, инф. М.Ј. р. 1931 г. во с. Милутинце. Снимила: В. Петреска во с. Милутинце – Кривопаланечко во 2000 г.

[18] АИФ м.л. бр. 3867, инф. Р.А. р. 1927 г. во с. Станци. Снимила: В. Петреска во с. Станци – Кривопаланечко во 2000 г.

[19] В. Петреска, *Систем на сродство...*, стр. 110–111.

[20] E.A. Hammel, *Alternative social structure and ritual relations in the Balkans*, New Yersey 1968, стр. 79.

и делувањето на клетвата[21]. За овој тип гревови и казни, примери можат да се најдат во поетското творештво. Во еден пример, младиот Стојан има недозволени љубовни врски со три девојки – ќерка на чичкото, ќерка на вујкото, а третата, за која следува и најголемиот грев, е кумовата ќерка: „Стојане мајкин, Стојане море, / ако заљуби ујкова, / ако заљуби чичина. / Стојане сине мајкино море / зашто заљуби кумова. / Кумова клетва проклета море / Девет години ќе лежиш”[22]. Во друга песна, некое момче му ја презело на друго момче девојката. Момчето го кани за кум другото момче од кое му е преземена девојката. Ја прифаќа понудата за кум, но на венчавањето проколнува: „Овај недеља млада невестица, до недеља млада удовица, до година моја вереница”[23]. За силата на кумовата клетва при негово лажење примери можеме да најдеме и во прозното творештво со приказната за кртот кој настанал од кумовата клетва[24]. Меѓутоа, народните кажувања ги кажуваат и причините кога последиците од кумовата клетва и не можат да бидат големи, кои се повторно во врска со моралните вредности на заедницата, но и од значењето на улогата на кум и неговите обврски, односно кумот да го има семејството каде што е кум како свое[25].

Определени истражувачи сметаат дека за да биде клетвата социјален регулатор на општоприфатени вредности мора да задоволува определени услови. Пред сè, треба да биде реакција на кршење на определени општоприфатени општествени морални норми и силата на нејзиното делување да зависи од општествената или семејната положба на лицата кои проколнуваат. Во врска со хиерархијата на лицето коешто колне во општествената или семејната заедница се истакнува дека лицата кои имаат повисока хиерархија имаат поголема веројатност нивната клетва да „успее”. Во оваа смисла се посочуваат и родителската, кумовата клетва, клетвата од бајачки, магионичарки[26]. Првиот услов можеме да го прифатиме, но вториот услов не би

[21] Ј. Цветановска, op. cit., стр. 184.
[22] В. Петреска, *Систем на сродство...*, стр. 108–109.
[23] Ibidem, стр. 109.
[24] Ibidem, стр. 111.
[25] Ibidem, стр. 113.
[26] А. Георгиева, op. cit.

го прифатила во целост. Точно е дека родителската, кумовата, клетвата од бајачки итн., ја добиваат својата сила и во поглед на нивното место што го заземаат во општествената и семејната заедница. Авторката во прилог на ова додава дека девојчинските клетви имале најмала тежина, односно најмалку се исполнувале, што е во врска со нивното место во хиерархијата во патријархалната средина. Девојката имала најмалку обврски, а со тоа била и на пониско места во хиерархијата и имала помала власт[27]. Би се сложила дека девојчинските клетви, особено оние што се во врска со невозвратена симпатија или љубов, не подлежат на високо скалило во вреднувањето на гревовите, а во врска со нив и клетвите. Но, доколку се работи за склучување договор за свадба, односно, задомување на сопственото дете, без разлика дали станува збор за син или ќерка, што е една од највисоките вредности во македонската традиционална култура, работите стојат поинаку. Така, ако ги земеме кажувањата дека еден од најголемите гревови е растурање на свадба, што многу често се споредува и како растурање на манастир, а со тоа и казните (било да се натприродни или човечки) и верувањата дека луѓе што „растуриле” работа за свадба ги чекаат маки на „оној свет”, тогаш овој услов не би го прифатила во целост. Повеќе би прифатила дека моќта на клетвата е во врска со сторениот грев. Доколку гревот се наоѓа на високо скалило во системот на вредности во заедницата, тогаш и тежината на клетвата ќе биде поголема. Можеме да ја земеме за пример и положбата на жените. Широко е распространето верувањето дека жените колнат повеќе од мажите. Народните кажувања причините за поголемото посегање на жените кон клетвата ги гледаат кон емоционалната реакција на жените на сè што се случува околу нив, вклучувајќи ја и неправдата. Точно е дека психолошката функција е присутна за задоволување на правдата кај жените во клетвите, но тоа може исто да се однесува и за мажите[28]. Можеме да ги погледнеме работите и од друг агол. Жената во социјалната структура на традиционалната заедница во низа сегменти била маргинализирана. Еден од таквите сегменти бил и правосудната дејност. На селските собранија, на кои се разгова-

[27] Ibidem, стр. 102.

[28] Ј. Цветановска, op. cit., стр. 214.

рало за престапите и определувала казната, жените немале право да учествуваат. Тоа значи дека ним им била скратена дури и можноста да подигнат обвинение кое би резултирало со истрага и евентуално казнување на виновникот. И да имале такво право, сторителот на делото можел да остане неказнет. На престапите со тнр. женски морал, чие поимање било ограничено на женска физиологија не им се верувало доколку биле кажувани од жена. Истражувањата на Ј. Цветановска јасно покажуваат дека за да се прогласи некоја жена за неморална било лесна задача, бидејќи не требало да поседуваат никакви докази. Средба, посета или разговор на жена со друг маж во отсуство на сопствениот било доволен знак селото да ја прогласи жената за неверна. Кога тоа ќе се случи, наклеветената жена имала тешки маки да го отфрли обвинението. Посочува пример за жена наклеветена пред мажот за прељуба. Жената успеала да се оправда пред нејзиниот маж со бакнување на леб и сол, но веднаш потоа истиот леб го однела во црква и бакнувајќи го, ги проколнала клеветниците[29]. Случувањето на некоја несреќа на секој од клеветниците, било доволен доказ за жената, но и за мажот дека таа била наклеветена. Високиот општествен статус на оној што нанел зло, како и нискиот општествен статус и неможноста да ја докажат невиноста оние што фрлаат клетва, било поради непостоењето докази или недопирливоста на оној што го нанел злото заради неговиот висок општествен статус или поврзаност со оние кои се задолжени за извршување на правдата, ги тера овие личности правдата да ја бараат со помош на клетвата, иако народното гледање не ја одобрува многу бидејќи клетвата многу лесно може да го снајде оној што колне (особено ако колне без причина или колне погрешна личност). Затоа, може да се каже дека во многу случаи клетвата се применувала кога не постоел друг излез, а личноста е длабоко уверена во својата праведност. Овој заклучок можеме да го поткрепиме со животни приказни собрани од терен. Така, во една животна приказна на некоја жена, по протерувањето на нејзиното семејство од имотот што го купиле, но немале доказ за тоа (имотот бил платен во жолтици во четири очи, без сведок), таа седнала пред куќата и ги триела колениците, колнејќи го измамникот и неговите најблиски:

[29] Ibidem, стр. 215–216.

„В коли да ве донесат! Арно да не видите!”. Во друга приказна колнењата „Да се скапи! Оган да го изгори! Сите деца во еден гроб да ги тури!” исто се засилени со невербални обредни постапки со триење на коленици, а причината за клетвата била запалената плевна. Во двете животни приказни клетвата ги „фатила” виновниците или членовите на нивните семејства кои доживеале тешки трагедии[30]. Сличен начин на колнење, со триење на коленици и вербалните изреки „Господ ми те не видел. Солнце ми те не огрејало. Парите Славкине што ги зеде, тија ти биле деца тебе. Со ними да се радујеш. Друго ништо во куќа да немаш. Ни напред ни надзод. Тоа ти било стока, тоа ти било деца. Тоа ти било здравје твоје”, сретнуваме кај Ј. Обрембски, а причината биле земени пари[31]. Колективните колнења, кои најчесто се извршувале од сите мажи во селото, често и со фрлање на камења на едно место, формирајќи куп од камења, познат како „грамада”, можат да се подведат во ист ред на оние кога не е познат престапникот, но и кога неговата моќ или општествен статус биле големи и не подлегнувале на казна. Затоа, можат да се прифатат и мислењата кои сметаат дека клетвата во најголем број случаи е знак на слабост и немоќ на лицето што колне[32]. Точно е дека моќта на родителската, кумовата клетва се високо рангирани, тргнувајќи од нивниот општествен статус што го заземаат во заедницата, но несомнено дека моќта на клетвите е во врска со вредностите што се ценеле во определена заедница, а нивното кршење го определува гревот, и во зависност од сторениот грев се и тежините на клетвите. Затоа, и вообичаените поделби на тежината на клетвите се на: најтешки клетви, во кои најчесто се пожелува смрт или тешка болест „Тригодишна треска да го фане; / Чумата да го затрие; / Чумо дека одиш, дека шеташ, што не дојдеш да го грабнеш; / Да го изгоре јасното с’нце; / Да го зарине црната земја итн”. Во втора, посебна група би се вклучиле клетви со пожелби за беда и сиромаштија, немање пород и род, губење на личните и семејните добра и достоинства итн. „Камен да јаде / У каленица да збира, та да се ране,

[30] Ibidem, стр. 205–206.

[31] Ј. Обрембски, *Фолклорни и етнографски материјали од Порече*, кн. I, Скопје–Прилеп 2001, стр. 184.

[32] Л. Ћаповић, op. cit., стр. 7.

/ Да питаш, та да се раниш, / Да се армоса, та да се не венча, / Мома да не земе, / Ѕвездата да му угасне / Да му опустее името / Не видели го ни с’нце, ни месечина / камен врз камен, дрво врз дрво да не му остане / Огниште у куќата да нема / Утки да му утаат на баџата итн.”. Третата, најблага група клетви се обични проклетства: „Проклет и отет да е / Проклет да е триш девет пати / Да ти занемит устата / Ум у главата да нема / Зло да го најде / Одмор никога да не види” итн.[33]. Слично ги разделува и Ласта Ѓаповиќ: на оние што се изговараат во лутина, или би рекла лесни клетви, а при тоа вистински да не се сака да се нанесе зло. Такви се бројни во секојдневниот говор. Според неа тоа е повеќе прекор, или опомена отколку клетва, иако го има нејзиниот облик. Го има и во песните и многу често и не се случува клетвата. Според народните верувања дека и клетвите без намера можат да фатат, затоа во секојдневниот говор при изговарањето на овие клетви, многу често се прават заштитни мерки, на пример, посочува пример во самото колнење при изговарањето „Чудо те убило, да не даде бог”, или пак кога мајката ги колне децата, да гледа во прстен, железото, кои ја имаат моќта да ја неутрализираат клетвата[34]. Понатака ги дели на колективни; условни, кои можат да се сметаат како заклетви[35], и најтешките кои секако се во врска со смртта[36].

Разгледувајќи ги клетвите во врска со вредностите што се ценеле во определената заедница, а во врска со нив и сторениот грев и тежината на клетвите, најтешките клетви секогаш се во врска со смртта или тешка болест со многу мачење, или народски кажано ни жив, ни

[33] К. Пенушлиски, *Македонски фолклор (Историски преглед)*, Скопје 2004, стр. 451–453.

[34] Л. Ћаповић, op. cit., стр. 8–9.

[35] Со заклетвата се разрешуваат или предупредуваат конфликти во меѓучовечките односи, и таа се разликува од клетвата, која првенствено укажува на пореметувањето на тие односи. Клетвата е израз на немоќниот бес и ојаденост поради некоја штета или неправда. Клетвата е исправување на тоа пореметување, т.е. извесно задоволување на правда, препуштена исклучиво на вишата сила, и тоа на неодредено време. Ibidem, стр. 13.

[36] Ibidem, стр. 22. Авторката во трудот ги работи клетвите кои се во врска со смртта. Ги дели на три основни групи: на оние со кои се ускратува смртта; на проколнетата личност или на друга личност важна за неа им се посакува смрт; на оние кои се однесуваат на настаните после смртта.

мртов. Кон нив се посега кога се повредени најзначајните вредности било за заедницата, било на индивидуално ниво, а тоа се самиот живот, создаденото потомство, како и нивното семејство, имотот и честа. Затоа, може да се каже дека тие претставуваат и мерило на вредностите во општеството во кое настанале. Клетвата укажува и на пореметување на вредностите, и таа е израз на немоќниот бес и ојаденост поради некоја штета или неправда. Клетвата е исправување на тоа пореметување, т.е. извесно задоволување на правда, препуштена исклучиво на вишата сила, и тоа на неодредено време. Само делумно клетвата може да се разгледува како општествен институт кој како средство за застрашување – предупредува на злодела и неправда[37]. Но клетвите ни укажуваат и на уште една вредност – природниот тек на човековиот живот раѓање-брак-смрт. Додека во обредно-ритуалната пракса овој след настојува да се нагласи или повторно да се воспостави доколку е нарушен, во клетвите тој се обидува да се наруши, дури не се изоставени ни моментите после смртта, тргнувајќи од народните претстави за животот после смртта – умирање без простување со своите, умирање во осаменост и туѓина, непостоење или осакатување на посмртните остатоци, немање на гроб, заборавање на името на починатиот, нераспаѓање на неговото тело во гробот, како и тоа покојниковата душа да припадне на ѓаволот, и вечно да живее во пеколот и да нема спокој[38]. Во оваа смисла убаво говорат клетвите во врска со огништето, каде иако на прв поглед не делуваат така, но тргнувајќи од светоста на огништето и неговото изедначување со куќа, дом, род[39], тие се сметаат за едни од најтешките клетви, изедначени со изумирање на целата куќа, на целиот род: „Чедо да не заврте околу огништето”[40], „Огнище у куќата да нема”[41], или изреката „му тури син му на огништето вода и го остави сиромав до века”, во смисла на осиромашување на куќата[42], или колнењата кај Србите

[37] Ibidem, стр. 13.

[38] Ibidem, стр. 87–88.

[39] В. Петреска, *Огнот во свадбениот обреден комплекс во македонската традициска култура*, „Кодови словенских култура” бр. 10, стр. 240.

[40] П.А. Чачаровъ, *Народни клетви. Отъ Щипъ*, кн. VI, София 1891, стр. 212.

[41] Idem, *Клетви и благословии. Отъ Щипъ*, кн. VIII, София 1892, стр. 246.

[42] Т. Вражиновски, *Речник на народната митологија на Македонците*, Скопје 2000, стр. 308–309.

„Огњиште му се угасило"; „Кућа ти се кућештином звала, на огњишту изницало трње"[43]. Сакајќи да го пореметат природниот поредок и природниот след, клетвите всушност го нагласуваат нивното значење и истакнуваат колку тој се смета за значаен и важен за животот на луѓето[44].

Врз основа на досегашното истражување она што можеме да резимираме е дека клетвите претставуваат говорни формули со кои се изразува желба во иднина некому или на нешто да му се сличи лошо, со уверување дека тоа и ќе го фати. Тоа уверување или таа верба се заснова на вербата во магиската моќ на зборот. Во народниот живот кон клетвите се посега кога се повредени најзначајните вредности во заедницата. Затоа, клетвите се разгледуваа во врска со вредностите што се ценеле во определена заедница, а нивното кршење го определува гревот, и во зависност од сторениот грев се и тежините на клетвите или бараните казни. Гледајќи од овој социјален аспект, тие претставуваат и мерило на вредностите во општеството во кое настанале, како и укажување на нарушување на вредностите, без разлика дали луѓето што укажуваат на нарушените вредности заземаат висок или низок општествен статус во заедницата или семејството. Клетвата е исправување на тоа нарушување, т.е. извесно задоволување на правда, препуштена исклучиво на вишата сила, и тоа на неодредено време. Во таа смисла истакнавме дека најзначајните вредности во македонската традиционална култура биле самиот живот, создаденото потомство, како и нивното семејство, имотот и честа. Најголем доказ во верувањето во силата на клетвата според народните кажувања е случувањето на некоја несреќа на проколнатата личност, било на него или на неговото семејство. Затоа, клетвите укажуваат и на уште една многу значајна вредност која високо се ценела – природниот тек на човековиот живот раѓање-брак-смрт, која вредност во обредната пракса се настојува да се нагласи или повторно да се воспостави доколу е нарушена, а во клетвите тој се обидува да се наруши.

[43] Ж. Требјешанин, *Култ и симболика ватре у митологији и религији Срба,* во: С. Тројановић, *Ватра у обичајима и животу српског народа,* Београд 1990, стр. 410.

[44] Л. Ћаповић, op. cit., стр. 88.